**117.**

Врз основа на член 36 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02), Советотна општина Струмица, на седницата одржана на 04.10.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица**

Член 1

Во Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03 и 2/06) во глава В – Облици на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на општината под в) референдум во член 65 став 2 бројот “15” се заменува со број “25”, а бројот “60” се заменува со број “40”.

Член 2

Во член 66 став 2 и 3 се бришат, а се доадава нов став кој гласи:

“Референдумот го спроведува Општинската изборна комисија за спроведување на локалните избори”.

Член 3

Член 67 се менува и гласи:

“Изборната комисија:

- се грижи за законито подготвување и спроведување на референдумот:
- ги именува претседателот, членовите и нивните заменици на избирачките одбори;
- презема технички подготовки за спроведување на референдумот;
- го утврдува и објавува резултатот од референдумот во рок од 2 дена од денот на неговото одржување;
- врши и други работи утврдени со закон.”

Член 4

Член 68 се брише.

Член 5

Во член 72 став 2 се брише.

Член 6

Во член 74 став 2 и 3 се бришат.

Член 7

Член 76 се заменува со нов текст кој гласи:

“Извештајот за резултатот од гласањето на референдумот, Изборната комисија го доставува до Советот на општината, во рок од 3 дена од денот на неговото одржување.

Изборната комисија резултатот од гласањето на референдумот го објавува во Службениот гласник на општината во рок од 10 дена од денот на неговото одржување.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.”

Член 8

Во член 109 став 2 се менува и гласи:

“Советот на општината донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа како и програма за работа.

Член 9

Во член 119-а став 2 алинеа 2 зборовите “Цивилна заштита” се заменуваат со зборовите “заштита и спасување”.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по побјавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-4508/1 Совет на општина Струмица
04.10.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на СОУ “Јане Сандански” Струмица за учебната 2006/2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на СОУ “Јане Сандански” Струмица за учебната 2006/2007 година, донесен на седницата на